

**Во чест на Св.Трифун, заштитникот на лозјата и градините, на 14 февруар оваа годинава во Зубовце ќе се одбележи обредното закројување на лозјата.**

Во име на овој празник и продолжувањето на традиционалните обичаи на местото викано “Мал Камен“, каде некогаш се наоѓале зубовските лозја, мината година беше издигнат и осветен шест метарскиот Чесен Крст.

Како лани, така и годинава, на овој православен христијански празник, зубовчани ќе се соберат покрај Крстот.





од

# Традицијата во Гостиварскиот крај се поврзува со добрата чашка

КИРО КИПРОВСКИ

Со душа го чекавме Св. Трифун, ни раскажуваше Митре Јаковлески од гостиварското село Зубовце, кој веќе навлегол во деветтата деценија од животот. Тоа беше празник за сите мажи, а посебно за бекриите и за љубителите на добрата капка вино и ракија.
Во раните утрински часови на 1 сечко по старо, пред половина век и повеќе, одевме во црквата „Св. Марена", каде што селскиот поп одржуваше богослужба посветена на свети Трифун, кој е заштитник на лозарите и на градинарите. По осветувањето на водата во голем казан, земавме вода во бардиња. Потоа, групно се упатувавме кај месноста Стражник, која се наоѓа над селото, каде што се наоѓале зубовските лозја. Со осветената вода, како што ни раскажуваше дедо Митре, секој ќе ги испрскал лозовите корени, постоело верување што се пренесувало со векови дека оваа света вода ќе влијае на поголем род и покрупно грозје и на две-три лози првпат се вршеше закројување. По овие обреди, сите се собиравме на Мал Камен, во непосредна близина на лозјата, каде што организиравме богата гозба. Палевме оган на кој ја варевме ракијата, а на жарта што ќе се создадеше од дабовите дрва печевме колбаси, пастрма, месо, на импровизираната софра го поставувавме мезето на расол, туршија од пиперки, урда, сирење и така со чашка ракија, вино, со песна, шеги и веселба останувавме до првиот мрак. Потоа, групно одевме на визита кај лицата што празнуваа именден, каде што празнувањето продолжуваше до утринските часови. На овие ве
го избиравме и кралот н
јаниците.



Со изградбата на Ма
ско Езеро во 1957 годин
га некогашното мавров
поле беше претворено
дена акумулација, се см
климата во Полог. Не
што драстично беше нам
родот на лозјата што ги
ше на сите страни на
Полог туку влијаеше
квалитетот и шеќернос
грозјето. Поради тоа,
делците се откажаа од
ботка на лозјата и овие
ршини, за жал, се обра
со трње, а лозјата ги нем

Зубовчани, како и ни
предци, со голема радо
очекуваат Св. Трифун (1
руари), кога одат на Ма
мен да ја продолжат тра
јата. Овој е последниот з
празник и со неговата п
ва се става крај на весел
од следниот ден продолж
работите во полето. Зуб
ни се подготвуваат за п
ва на овој празник и вер
дека свети Трифун и год
ќе ги заштити плодните
од временските непогод
има даде побогат и покв
тен род.